Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Бр. / Nr. 03-339/2
04-04-2025 20 год. / viti

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

## РЕШЕНИЕ

## за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], бр. 03-339/1 од 19.03.2025 година.

### Образложение

На 19.03.2025 година, [redacted], со адреса: [redacted], до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-339/1 од 19.03.2025 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

Списи од предметот Ваш број 03-263 од 2024 година:

- Барање за произнесување до Градоначалникот на Општина Чаир, Ваш број 03-263/1 од 28.02.2024 година и повратница за достава;
- Постапување по барање за произнесување од Градоначалникот на Општина Чаир нивен бр. 09-151/15 од 18.03.2024 година и прилози;
- Ваши списи од Ваше постапување по Постапување по барање за произнесување од Градоначалникот на Општина Чаир.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]) и фотокопија по пошта .

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведените предмети, во прилог Ви доставуваме:

- Барање за произнесување, арх. број: 01-263/1 од 28.02.2024 година;
- Приемна книга на пошта-препорачано, Лист бр. 1 и 2 од 29.02.2024 година.
- Постапување по барање за произнесување, бр. 09-151/15 од 18.03.2024 година, наш број 03-263/2 од 19.03.2024 година;

Во однос на бараната информација „Ваши списи од Ваше постапување по Постапување по барање за произнесување од Градоначалникот на Општина Чаир", Ве известуваме

дека предметот со арх. број 03-263 од 28.02.2024 година завршува со добивањето на одговорот од страна на Општина Чаир - Постапување по барање за произнесување, бр. 09-151/15 од 18.03.2024 година, наш број 03-263/2 од 19.03.2024 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Сара Николовска

Доставено:
- до барателот на информацијата и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор